Врз основа на член 36 став (3) од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 13 јуни 2023 година, донесе

ОДЛУКА
за формирање Совет за праведна транзиција

Член 1

Со оваа одлука се формира Совет за праведна транзиција (во понатамошниот текст: Советот), за навремено и успешно спроведување на мерките и активностите наведени во Патоказот за праведна транзиција.

Советот го сочинуваат претседавач, ко-претседавач и девет члена, и тоа:
- заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции - претседавач,
- министер за економија - ко-претседавач,
- министер за животна средина и просторно планирање – член,
- министер за финансии – член,
- министер за труд и социјална политика- член,
- министер за транспорт и врски-член,
- министер за земјоделство, шумарство и водостопанство-член,
- министер за локална самоуправа-член,
- министер за образование и наука-член,
- директор на Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија во државна сопственост, Скопје - член и
- директор на Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост - член.

Член 2

Советот ја следи реализацијата на Патоказот за праведна транзиција, дава предлози за преземање на поконкретни мерки и активности, одобрува можни измени на патоказот, одобрува инвестициски план поврзан со праведна транзиција, по потреба презема итни активности за надминување отворени прашања поврзани со процесот на транзицијата во целата земја, со посебен фокус на двата релевантни плански региони (Југозападниот и Пелагонискиот) и најпогодените општини.

Член 3

На покана од Советот, во неговата работа може да учествуваат и други стручни лица од академската заедница, невладиниот сектор, стопанските комори, како и градоначалниците на општините од Југозападниот и Пелагонискиот Регион.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**Бр. 41-5806/4**
**13 јуни 2023 година**
**Скопје**

**Претседател на Владата на Република**
**Северна Македонија**

**д-р Димитар Ковачевски**

Подготвил: м-р Љубомир Кукоски, советник
Проверил: Никола Пасков, раководител на одделение
Катерина Јаневска, раководител на одделение
Контролирал: Стојанчо Радичевски, помошник раководител на сектор
Jetmira Maliqi, помошник раководител на сектор
Согласен: Снежана М. Пендовски, државен советник
Зоран Брњарчевски, раководител на сектор
Одобрил: м-р Методија Димовски, генерален секретар на Владата